# K462i.мк






Кнауф фугирање | 06/2016

# Кнауф Fugenfüller Imprägniert

## Импрегниран материјал за исполна на спoеви кај импрегнирани гипсени плочи

### Опис на материјалот

Кнауф Fugenfüller Imprägniert е гипсен материјал со адитиви во прав. Импрегниран материјал со адаптирана зелена боја, која целосно визуално одговара на импрегнираните (H2) и противпожарно-импрегнираните (DFH2) гипсени плочи.

**Пакување**
5-kg вреќички, артикл бр. 498022

**Складирање**
Материјалот мора да бидат заштитен од замрзнување и многу високи температури, како и од директна изложеност на сонце. Вреќите да се чуваат на суво место и на дрвени палети. Евентуално оштетените вреќи, да се користат со приоритет или материјалот да се префрли во нови вреќи. Рокот на траење на вака складиран материјал е шест месеци од датумот на производство.

**Квалитет**
Материјалот е предмет на редовна контрола на квалитетот и во согласност со строгите спецификации на компанијата и CE-ознаката.

### Подрачје на примена

Кнауф Fugenfüller Imprägniert е импрегниран материјал за исполна на импрегнирани гипсени плочи, збогатен со посебни адитиви. Светло зелената боја, визуелно одговара на нијансата на импрегнираните плочи, што импрегнираните системи ги прави лесни за визуелна контрола. Материјал погоден за рачно фугирање на плочи со HRAK (полукружен закосен) раб и AK (закосен) раб. Погоден за K1 и K2 обработка на спoеви со стандардни бандажни ленти за спoеви, како и за санација на оштетени спoеви на импрегнирани гипсени системи.

### Својства

- Прашкаст материјал, пакуван во вреќички
- Импрегниран материјал за фугирање на гипсени плочи во влажни простории
- Со кремаста структура, лесен за обработка
- Лесен за мешање, без грутки
- Брзо ја постигнува наведената цврстина
- Оптимирано време за обработка
- Добра лепливост
- За спoеви со висок квалитет на обработка
- Висока издашност
- Зелена боја

# Кнауф Fugenfüller Imprägniert

Импрегниран материјал за исполна на спoеви кај импрегнирани гипсени плочи

## Опис на материјалот

**Основа**
Гипсените плочи, треба да се цврсто прикачени на металната или дрвена потконструкција, со сува површина и суви и обеспрашени рабови. Помали оштетувања на рабовите на импрегнираните или противпожарно импренираните плочи, лесно можат да се пополнат, т.е. санираат со Кнауф Fugenfüller Imprägniert.

**Мешање**
Истурајте Кнауф Fugenfüller Imprägniert во чиста и ладна вода, додека гипсениот материјал не ја покрие површината на водата (макс. 2,5 кг на околу 1,9L вода). Промешајте со шпакла (мистрија) до добивање на кремаста и цврста смеса. Користете чисти садови и алатки за мешање.

**Време на обработка**
По 45 минути од почетокот на мешањето, материјалот почнува да стегнува

По тој момент, не се препорачува додавање на вода или повеќе материјал. Нечисти садови и електрични алатки за мешање, го скратуваат и забрзуваат времето на стегање.

**Услови на примена**
Фугирањето треба да отпочне, откако веќе не се очекуваат промени на монтираните плочи, под дејство на промени во влажноста на воздухот и температурата. Фугирањето, препорачано се изведува по изведбата на кошулките и малтерисувањето во објектите. При употреба на материјалот за фугирање на импрегнирани гипсени плочи, температурата на околината не смее да биде пониска од +10°C.

**Алати и начин на примена**
Шпакла / Глетарка / бандажна лента / чисти садови за мешање

Обеспрашените рабови темелно се исполнуваат со Кнауф Fugenfüller Imprägniert и во слојот се втиснува Кнауф бандажната лента. По целосно исушување на првиот слој, се продолжува со втор, поширок слој на материјал. Со истиот Fugenfüller Imprägniert се обработуваат и видливите делови на шрафовите. По употреба алатите се мијат со вода.

**Лепење на облоги:**
При лепење на тапети над импрегнираните површини, дозволени се само лепила на база на метил целулоза. По лепењето на тапетите, од хартија или вештачки материјали, да се обезбеди добро проветрување на просторијата, како брзо би се исушил нанесениот материјал.

## Потрошувачка на материјалот

Ориентациска потрошувачка, kg/m2 , за K2 обработка на спoеви, без обиколни спoеви

| Тип на гипсена облога | Таван | Ѕид | Ѕидна облога |
|---|---|---|---|
| 12,5mm плоча со HRAK/AK раб | 0,3 | 0,5 | 0,25 |
| 2X12,5mm плоча со HRAK/AK раб | 0,5 | 0,8 - | _ |

02/3235-752
www.knauf.com.mk
info@knauf.com.mk

**Конструктивните, статичките и карактеристиките на градешната физика на Кнауф системите се постигнуваат исклучиво со употреба на целосни Кнауф системи или продукти кои Кнауф изречно ги препорачува.**

**Кнауф дооел Скопје, бул. Александар Македонски 6б, 1000 Скопје**



Го задржуваме правото на технички промени. Нашата гаранција се однесува на нашите производи. Конструктивни, статички и градежно-физички својства на Кнауф системите можат да се остварат само доколку е осигурана исклучива примена на системските компоненти од Кнауф производната програма, или стриктно препорачан производ. Податоците за потрошувачката, количината и начинот на работа се искуствени и во пракса се можни отсапувања. Сите права се задржувани. За сите измени, препечатувања и фотомеханичка репродукција (целосна или делумна), потребна е изречна согласност од претпријатието Knauf Ges.m.b.H., A-8940 Weissanbach/Liezen